РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

| Примено | 27.12.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Организац. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 13 | 1152/4 | - | - |

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

| Во акта-Арх. знак: | | |
|---|---|---|
| Рок на чување | | |
| | г. | Потпис, |

**До: ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
**Архивски број: 12/6- 1424/ 6**
**Датум: 24.12.2019**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ( „Службен весник на Република Македонија " бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 143/19 ), Министерството за информатичко општество и администрација дава:

СОГЛАСНОСТ

на

1. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар, со архивски број : 13-1152/3 од 24.12.2019 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Демир Хисар, поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање на согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар. Министерството за информатичко општество и администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор. Врз основа на утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар, со архивски број : 13-1152/3 од 24.12.2019 година.

Со почит,
Државен секретар,
Adem Avziu

Подготвил:
Селма Хаџиќ


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0879
www.mioa.gov.mk

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19), член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02) а согласно со член 71 точка 12 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

**ПРАВИЛНИК**

**За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар**

Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар со архивски број 01-53/1 од 29.01.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар со архивски број 01-364/2 од 11.04.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар со архивски број 01-364/4 од 23.04.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар со архивски број 01-337/3 од 09.05.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Демир Хисар со архивски број 01-1035/1 од 14.11.2019 година.

Член 2

Во глава III-"Распоред и опис на работните места на помошно-техничките лица", член 17 се менува и гласи:

-"Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно-техничките лица во областа превоз на лица и опрема, II ниво од категорија А, ниво А2, звање на работно место Возач II се:

Ниво на стручни квавилификации:

- стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО, односно најмалку средно образование,

Работно искуство и тоа:

-најмалку една година работно искуство, во струката во јавен односно приватен сектор,

Други посебни услови:

-Положен возачки испит за Д категорија."

**Член 3**

Во глава IV-"Опис на работни места во Општина Демир Хисар", во Сектор за општи и правни работи и финансиски прашања, Одделение за општи и правни работи, работното место со реден број 11, со шифра УПР 04 03 А02 001, Назив на работно место – Возач II, во Вид на образование се менува и гласи: "средно образование".

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето а ќе се применува по добиената писмена Согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Архивски број** 13 - 1152/3
**Датум** 24.12.2019

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**